ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:**18-431/5

**Дата:** 16.05.2012

**ДО**

**СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Совет за радиодифузија (во понатамошниот текст СРД), за 2010 година.

Ревизијата утврди дека не се целосно имплементирани препораките од претходната ревизија за 2006 година, земајќи во предвид дека дел од истите се неприменливи поради измени на законската регулатива.

Ревизијата не изрази мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2010 година, додека за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази негативно мислење.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност за 2010 година кај СРД е констатирано следното:

- Во 2009 година, донесен е и изгласан на седница на Совет, Правилник за бруто плата и други надоместоци на Претседателот на Совет, Заменикот на Претседател и членовите на Советот за радиодифузија, поради неиздадени поединечни решенија со коефициенти за плати од страна на надлежното работно тело при Собранието на РМ.
- Не е спроведен целосен попис на средствата со кои располага СРД, од аспект на усогласување на состојбите искажани во сметководството со фактичката состојба.
- Не се применува сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции во деловните книги, а не води и

дел од задолжителните помошни книги, што има за резултат необјективно и нереално проценување на билансните позиции во финансиските извештаи за 2010 година.

- СРД располага со аудиовизуелни и фонотечни добра финансирани од средствата од радиодифузна такса како проекти од јавен интерес, кои претставуваат значајно културното наследство на РМ, а истите не се предадени во националните установи за заштита на културното наследство на РМ, што може да доведе до нивно оштетување, уништување или противправно присвојување.
- За проектите од јавен интерес финансирани од средствата наплатени од радиодифузната такса согласно член 77 од стариот Закон за радиодифузна дејност (ЗРДД), не води целосна и точна евиденција. Исплатите на средствата по проекти се извршени без утврдена постапка и процедура, не е извршено задолжување на корисниците за враќање на делумно исплатените средства по огласите од 1 до 5 за незавршените проекти и не се утврдени крајни рокови за користење на средствата одобрени со Одлуките по огласите 6 и 7 во 2005 и 2006 година и за реализација на договорите со одобрен и прифатен проект од Советот.
- Не постои постапка и процедура за следење на обврската на радиодифузерите за плаќање на надоместокот за дозволата за вршење на радиодифузна дејност поради што, во случај на неплатен надоместок со што е исполнет условот за одземање на дозволата согласно законот, селективно и на различен начин се постапува пред да се покрене иницијатива за донесување одлука за одземање.
- СРД не пресметува камата за задоцнето плаќање на обврските од страна на радиодифузерите во текот на годината, освен во случај на поднесена тужба и евентуално плаќање на главен долг во текот на постапката што има влијание на неостварување на приход од камата и стекнување на противправна имотна корист на радиодифузерите на терет на СРД.
- Исплатени се средства на база на некомплетна и неверодостојна документација со можен ризик од исплата на средства за неизвршена или неквалитетно извршена услуга, исплата на дневници за кои нема основ, а кај користењето на службените возила неможност да се утврди дали истите се користат за службени потреби или за лични цели.
- Нецелосно се почитуваат одредбите од Законот за јавни набавки.

Со цел подобрување на состојбата во СРД ревизијата дава препораки во насока на преземање на активности во соработка со Комисијата за прашања на изборите и именувањата при Собранието на РМ за уредување на прашањето поврзано со бруто плати и други надоместоци на членовите на Советот, спроведување на целосен и квалитетен попис, примена на сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени и трансакции во

деловните книги и исплата на средства врз основа на комплетна и веродостојна сметководствена документација. Заради навремено и редовно плаќање на надоместокот за дозволата за вршење на радиодифузна дејност и подеднакво постапување во преземањето на мерки према радиодифузерите пред одземање на дозволата, потребно е донесување на постапка и процедура, а за задоцнето плаќање на обврските да се пресметува и наплатува камата. Во врска со средствата за финансирање на проекти од јавен интерес, СРД да воспостави целосна евиденција (софтвер) по корисници и проекти, со преземање на активности за враќање на делумно исплатените средства од ТРД за незавршените проекти и утврдување на краен рок за исплата на средствата по огласите од 2005 и 2006 година. Аудиовизуелните и фонотечни добра, финансирани од средствата од радиодифузна такса како проекти од јавен интерес, со кои СРД располага, да се предадат во националните установи за заштита на културното наследство на РМ, заради заштита од нивно оштетување, уништување или противправно присвојување. При спроведување на постапките за јавни набавки да се почитуваат одредбите од Законот.

Во делот за системска слабост, во точка 6 од ревизорскиот извештај, ревизијата смета за потребно да истакне дека СРД е регистриран даночен обврзник и плаќа ДДВ на остварениот приход од пресметаниот годишен надоместок од издавање на дозволи за вршење на радиодифузна дејност, што не е предмет на оданочување. Ревизијата смета дека Министерството за финансии – Управа за јавни приходи треба да го преиспита регистрирањето на СРД како даночен обврзник согласно Законот за ДДВ, земајќи го во предвид член 21 од ЗРДД, според кој СРД е независно регулаторно непрофитно тело со јавни овластувања во радиодифузната дејност.

Во поглавјето за нагласување на прашања за неизвесност или континуитет, во точка 7 од ревизорскиот извештај, ревизијата ги обелодени состојбите во врска со:

- Финансирањето и остварувањето на приходи од 4% од радиодифузната такса добиени на сметката на СРД по распоредот по корисници од собирната сметка отворена за оваа намена во Комерцијална банка се евидентираат врз основа на наплатена реализација. Овој начин на прибирање и евидентирање на средствата од радиодифузната такса оневозможува СРД да има активен однос кон превземање на директни активности и политики за подобрување на наплатата која е основ за реализација на приходот, односно да не располага со точни податоци за очекувани приливи по овој основ и искажување на побарувањата од радиодифузна такса. Ревизијата препорачува одговорните лица во СРД да воспостават соработка со Управата за јавни приходи и ЈП Македонска радио телевизија во насока на обезбедување на податоци за искажување на приходот од радиодифузна

такса согласно прифатената сметководствена политика со цел реално планирање на приходите наменети за регулирање и развој на радиодифузната дејност во РМ.

- Дел од строго наменските средства за финансирање на проекти од јавен интерес, кои останале на сметка на СРД како неискористени средства, и не биле целосно распоредени на сметките на корисниците на радиодифузната такса, согласно Законот за радиодифузна дејност, донесен во 2005 година, биле орочувани во деловни банки, за што остваруван е приход од камати во изминатиот период. Ревизијата препорачува да се преземат активности за информирање на Собранието на РМ за начинот на враќање – распоредување на строго наменските средства останати на сметката на Советот, како и каматата остварена од нивното орочување во Буџетот на РМ.
- Во 2011 година изготвена е полугодишна анализа од извршената проверка на платените обврски на надоместокот за дозвола од страна на радиодифузерите, при што утврден е низок процент на наплата од 36%. Во анализата даден е заклучок во кој се наведени причините за ваквата состојба, со дадени препораки заради зголемување на навременоста во наплатата на надоместокот за дозвола, а притоа да не се применува веднаш мерката одземање на дозволата, предвидена во законот.
- На крајот на 2010 година, по донесен заклучок од Советот, за преземање на активности кои `сеуште траат во 2011 и 2012 година, изготвена е Информација, од извршената проверка за почитување/прекршување на член 11 од Законот, која се однесува на неможноста за вршење на радиодифузна дејност од страна на политички партии, државни органи, органи на државната управа, јавни претпријатија, единици на локална самоуправа, носители на јавна функција и члеовите на нивните семејства, ниту да бидат основачи или сооснивачи, а врз основа на изјава доставена од радиодифузерот. Со Информацијата даден е Предлог заклучок со кој им се укажува на радиодифузерите кај кои се утврдени отстапувања од член 11 од Законот, истите да ги отстранат. Доколку истите во утврдениот рок не постапат по задолжувањето на СРД, ќе се покрене постапка за одземање на дозволата. Поради тоа што станува збор за активности што `се уште не се завршени и до денот на ревизијата конечниот исход од истите не е познат, постои неизвесност во идните постапувања на СРД кон радиодифузерите кај кои ќе се утврди ваква недоследност.

Законскиот застапник на СРД достави Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година. Забелешките се разгледани од овластениот државен ревизор и е констатирано дека истите претставуваат известувања за прифаќање на дадените препораки во Нацрт извештајот и превземање ма мерки и активности за нивно спроведување.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 33 до 35 заедно со ревизија на усогласеност на Совет за радиодифузија (во понатамошниот текст СРД ) кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходите и расходите за годината која завршува со тој датум, Преглед на промени на изворите на деловни средства за 2010 година, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија за 2006 година и издадени се извештаи за финансиските извештаи на СРД, за кои е изразено мислење со резерва, а за законското и наменско користење на средствата во финансиските трансакции ревизијата се воздржува од давање на мислење. За годината која `и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- м-р Зоран Стефаноски - Претседател на Советот за радиодифузија.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива,

упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на СРД се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност. Поради прашањата опишани во делокруг на ревизијата – ревизорски постапки ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз годишната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Кај субјектот, не е спроведен целосен и квалитетен попис на средствата со кои располага СРД, не се применува

сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени и трансакции во деловните книги, за проектите од јавен интерес финансирани од средствата наплатени од радиодифузна такса не води целосна и точна евиденција, постои неусогласеност на одделни позиции во активата и пасивата во билансот на состојба, не постои постапка и процедура за следење на обврската на радиодифузерите за плаќање на надоместокот за дозвола за вршење на радиодифузна дејност при што и не се пресметува камата во случај на ненавремено плаќање на обврските и извршени се исплати на база на некомплетна и неверодостојна документација.
Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи за 2010 година.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 01.12.2011 до 03.02.2012 година кај СРД од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2006 година. Резултатите од оваа ревизија се презентирани во Прилог број 1 кој е составен дел на овој извештај.

Статусот на постапување по препораките од ревизијата е даден во следната табела:

| Статус на препораките на денот на вршење на ревизијата | 2006 година | |
|---|---|---|
| | Број на препораки | Во % |
| Спроведени | 1 | 14% |
| Делумно спроведени | 1 | 14% |
| Неспроведени | 2 | 29% |
| Неприменливи | 3 | 43% |
| **Вкупно:** | **7** | **100%** |

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 24.02.2012 година.

Законскиот застапник на СРД достави Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2010 година. Забелешките се разгледани од овластениот државен ревизор и е констатирано дека истите претставуваат известувања за прифаќање на дадените препораки во Нацрт извештајот и превземање на мерки и активности за нивно спроведување поради што констаираните состојби остануваат непроменети и во Конечниот извештај.

## 4.1 Усогласеност со закони и прописи

4.1.1 Во 2009 година, донесен е и изгласан на седница на Совет, Правилник за бруто плата и други надоместоци на Претседателот на Совет, Заменикот и членовите на Советот за радиодифузија, врз основа на член 30 од ЗРДД, а во врска со членови од Деловникот за работа на СРД. Со Правилникот се утврдува бруто платата и другите надоместоци на Претседателот на Советот, Заменикот на претседателот и членовите на Советот, на начин што основицата за пресметка на плата, (е еднаква на основицата која се применува за пресметување на плата на пратениците и на другите избрани и именувани лица), се множи со коефициенти утврдени со овој Правилник.

Надлежнато работно тело при Собранието на РМ нема изготвено поединечни решенија за плати за секој член на советот поради што СРД има донесено правилник повикувајќи се на член 30 од законот, кој не е содветен за донесување на акт, од причини што донесувањето на овој правилник е уреден само со Деловникот.

Ваквиот начин на утврдување на бруто плата и други надоместоци не е во согласност со Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во РМ, со кој во член 2 е регулирано платата на функционерите кои ги избира или ги именува Собранието, да ја утврдува Собранието или телото што ќе го овласти, а во член 18 од истиот закон, е уредено органите односно нивните надлежни тела (Собранието/комисија) со свој акт, да определуваат и други функционери на кои ќе се применуваат одредбите на овој закон и го утврдуваат коефициентот за секоја функција. Со Одлука за основање на постојани работни тела на Собранието е основана Комисија за прашања на изборите и именувањата во чија надлежност припаѓа и донесувањето на поединечни Решенија за плати и други примања на пратениците и функционерите кои ги избира или именува Собранието.

**Препорака**

СРД да преземе активности во соработка со надлежното работно тело при Собранието на РМ за уредување на прашањето поврзано со бруто плати и други надоместоци на членовите на Советот.

4.1.2 Сметководствените документи, врз основа на кои се спроведени книжења во деловните книги, не се контролирани од страна на овластено лице за контрола на сметководствената и формалната вистинитост и точност на секој одделен вид на сметководствен документ од причина што во Советот нема лице задолжено за извршување на вакви задачи, ниту пак истото е предвидено со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места, (во секторот за економски и финансиски работи). Ваквиот начин на работење не е во согласност со одредбите од член 15 став 4, 5 и 6 од Правилникот за сметководството на непрофитните организации и член 10 од Законот за сметководството на непрофитните организации и може да има за ефект незаконско и ненаменско користење на средствата.

**Препорака**

Одговорните лица во СРД да преземат активности на измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места и задачите на Стручната служба и вработување на лице за контрола на сметководствената и формалната вистинитост и точност на сметководствените документи.

4.1.3 При признавањето на приходите и расходите не се применува сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени и трансакции односно во деловните книги не се евидентирани приходи остварени во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, а расходите не се евидентирани во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, што не е во согласност со член 13 став 1 од Законот за сметководството на непрофитните организации, и има за ефект неточно и нереално прикажување на приходите и расходите во деловните книги и финансиските извештаи за 2010 година.

**Препорака**

Одговорните лица во Секторот за економско - финансиски работи да ја почитуваат прифатената сметководствена политика за непрофитни организации согласно законските прописи односно да ги признаваат приходите остварени во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период и да ги евидентираат расходите во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов должничко доверителниот однос да е настанат до крајот на пресметковниот период.

4.1.4 Пописот на средствата и изворите на средства во СРД не е извршен на начин пропишан во одредбите од член 30 до 36 од Правилникот за сметководството на непрофитните организации поради што не е целосно извршено усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба утврдена со пописот, поради следното:

- Пописните листи за основните средства не се целосно пополнети односно не ги содржат сите натурални и парични вредности за пописната и сметководствената состојба. Истите содржат само количина по попис, а не и извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба (не содржат податоци за сметководствена состојба, не е внесена поединечната вредност на секое основно средство и не е извршено усогласување на двете состојби). Поголем дел од основните средства (компјутерска опрема), се наоѓаат во подрумски простории поради физичка и техничка застареност и истите се ставени надвор од употреба подолг временски период. Не се составени посебни пописни листи за овие основни средства со предлог за расход, за кои е потребно во најкус можен рок да се преземат мерки и активности за нивно продавање, подарување, отуѓување или уништување.
- Не се изготвени пописни листи за нематеријалните средства со кои располага Советот со 31.12.2010 година. Сегашната вредност на истите според книгодствената состојба изнесува 2.837 илјади денари.
- Не се изготвени пописни листи за ситниот инвентар во употреба со натурални и парични вредности по попис и сметководство односно на увид даден е преглед во кој се внесени одделни видови на ситен инвентар со количина и место на наоѓање без усогласување на состојбите. Според податоците во деловните книги искажана е сметководствена состојба на ситен инвентар во употреба во износ од 492 илјади денари.
- Не е извршен попис на побарувањата и обврските од страна на пописната комисија односно не се обезбедени информации (документација) за правниот основ на постоењето и точноста на искажаните износи со 31.12.2010 година, дали и какви мерки се преземаат за наплата на побарувањата кои потекнуваат од минати години, дали има застарени и ненаплативи побарувања за кои е потребно да се изврши отпис согласно законските прописи (поради донесен акт од надлежна институција за неможност за наплата) и кои се причините за неизмирените обврски према добавувачите (член 32-в од Правилникот).

Ваквиот начин на работење не е во согласност со член 16 од Законот за сметководството на непрофитните организации и влијае на објективноста и реалноста на искажаните податоци во деловните книги и билансните позиции во годишната сметка за 2010 година.

**Препорака**

Претседателот на СРД да преземе мерки за квалитетно организирање и извршување на пописот на средствата и изворите на средствата, согласно законските прописи.

4.1.5 СРД не води дел од пропишаните задолжителни помошни книги (евиденции) на соодветен начин, што не е во согласност со член 13 и 19 од Правилникот и член 6 и 14 од Законот за сметкодството на непрофитните организации, и тоа:

- Не води книга за набавки и набавените материјали и ситен инвентар не ги евидентира преку сметките на залихи и материјали и ситен инвентар и сметката деловен фонд, и не се врши материјално задолжување и соодветна евиденција на истите.
- Книгата на благајна не се води на соодветен начин бидејќи вкупниот промет на благајната (девизна) не го вклучува прометот на авансите за службени патувања, ниту се води аналитичка евиденција на побарувања за аванси по лица изразени во девизи, што остава можност за злоупотреба и незаконско трошење на средствата.

Несоодветното водење на деловните книги (евиденции) и помошни книги придонесува за нереално и необјективно прикажување на прометот и состојбата на соодветните сметки во сметководствената евиденција и во финансиските извештаи.

**Препорака**

Секторот за економско – финансиски работи да воведе евиденција на залихите на материјали и ситниот инвентар преку соодветните сметки од сметковниот план, со материјално задолжување и раздолжување на истите и да обезбеди соодветно водење на дневникот на благајна, согласно Законот за сметководството за непрофитните организации.

4.1.6 СРД како работодавач, преку Претседателот на Советот, во текот на 2010 година, за еден член и за Заменик на претседателот на Советот, има донесено согласности за засновање на работен однос, односно склучување на договор за вработувања по основ на дополнително работење со скратено работно време со други работодавачи. Овие согласности се донесени врз основа на член 121 од Законот за работни односи, а во врска со член 20 став 1 алинеја 12 од Деловникот за работа. Ревизијата смета дека СРД не може да се јави како работодавач на членовите на Советот, ниту пак членовите на Советот имаат својство на работници согласно Законот за работни односи, од причини што работодавач за нив е Собранието на РМ, а за сите прашања поврзани со изборот и именувањето, разрешувањето, платите, другите

примања поврзани со функционерите, надлежно е постојаното работно тело на Собранието на РМ - Комисијата за прашања на избори и именувањата. Ваквиот начин на постапување може да има влијание на нивната целосна посветеност во извршувањето на нивните законски функции и надлежности на Советот. Нивните дополнителни ангажирања во какви било активности може да предизвикаат конфликт на интереси, и во таа насока ревизијата смета за потребно да истакне дека членот на Советот се јавува во својство на ментор на друг член на Совет, и на вработен во Стручната служба на Совет, во завршување на нивните последипломски студии на Правниот факултет во Скопје.

**Препорака**

СРД при одлучување за одредени права на членовите на Советот да се обрати до надлежното работно тело на Собранието на РМ, заради обезбедување на мислење.

4.1.7 Со извршен увид во досиејата од избраниот примерок на ТРД со цел проверка на содржината на дозволите се констатира дека истите се издадени согласно член 56 од ЗРДД односно ги содржат податоците пропишани со законот, освен податокот за рокот на отпочнување со вршење на дејноста, што е констатирано кај дозволите издадени главно во 2007, 2008 и 2009. Во дозволите издадени во 2010 е наведен ваквиот податок. Исто така, кон дозволите не е приложен Анекс А, кој што е составен дел на дозволата, и во кој се наведени податоци за сервисната зона и локацијата на техничкото средство. Во 2011 година, со извршениот увид во неколку дозволи, наведениот документ е приложен кон дозволата.

Внесувањето на рокот за започнување со вршење на дејноста е од битно значење поради можноста за одземање на дозволата бидејќи согласно член 63 став 1 ал 1 од ЗРДД, според кое СРД ја одзема дозволата за вршење на дејноста, ако имателот на дозволата не започне со вршење на дејноста во рокот утврден во дозволата. Исто така, податоците во Анекс А се значајни од причина што во овој документ се внесуваат параметри кои се варијабилни и од кои зависи висината на пресметаниот надоместок за дозволата во зависност од сервисната зона за бројот на вкупното население кое се опфаќа со вршењето на радиодифузната дејност за секој одделен радиодифузер и местото на локација на техничкото средство со кое се обавува радиодифузната дејност.

**Препорака**

Дозволите за вршење на радиодифузната дејност задолжително да ги содржат сите податоци согласно законските прописи, како и да ги приложуваат пополнети прилозите, анекси, кои се составен дел на дозволата.

4.1.8 Една од значајните активности на СРД во изминатиот период, била распределбата на средства од радиодифузна такса за финансирање на радио и телевизиски програми од јавен интерес, согласно одредбите од Законот за радиодифузна дејност, кој бил во важност до 29.11.2005 година („Службен весник на РМ“ бр. 20/1997 и 70/2003). Распределбата на средства се вршела преку спроведување на постапки по огласи за финансирање на проекти од јавен интерес. По реализација на тие проекти, согласно член 22 и 23, а во врска со член 153 и 156 од Законот за заштита на културното наследство, истите како аудиовизуелни и фонотечни добра било потребно да бидат архивирани и чувани, во националните установи за заштита: Кинотека на РМ и Универзитетската библиотека Св. Кирил и Методиј, бидејќи претставуваат културно наследство на РМ.

Согласно писмото-допис од Кинотеката на РМ, одреден период во минатото, СРД задолжителниот примерок од целокупната телевизиска продукција што до тој момент ја има финансирано го предавал на Кинотеката на РМ, додека пак радио продукцијата до денот на ревизија воопшто ја нема предадено на архивирање во Универзитетската библиотека Св. Кирил и Методиј.

Имајќи го во предвид големото значење на целата продукција како културно наследство со кое располага СРД, времето поминато од продукција до денес и неможноста истата да ја чува во исправна состојба било потребно СРД во соработка со продуцентите на радиодифузните програми од јавен интерес финансирани со средства од радиодифузната такса да доставуваат една неупотребена копија од задолжителниот примерок до Кинотеката на РМ заради архивирање, согласно член 20 став 7 од Законот за аудиовизуелни добра („Службен весник на РМ„ бр.103/08). Исто така, задолжителниот примерок од целокупната радио продукција, СРД потребно е да ги достави за архивирање и чување до Националната Установа-Универзитетската библиотека Св. Кирил и Методиј.

Непревземањето активности за доставување на задолжителен примерок од целокупната телевизиска и радио продукција до надлежните национални установи за заштита, може да се предизвика оштетување, уништување, растурање, исчезнување, деградирање и противправно присвојување на културното наследство, што за крајна цел би значелно негово непренесување на идните генерации.

**Препорака**

Заради заштита на културното наследство на РМ, СРД да ги превземе следните активности:

- да изврши попис на целокупната продукција со која располага,
- да ги задолжи продуцентите и Кинотеката на РМ да склучат договор, за регулирање на правата на достапност и користење на

аудиовизуелните добра, согласно член 22 од Законот за аудиовизуелни добра;

- да ја предаде целокупната продукција на националните установи за заштита на аудиовизуелното добро и фонотечното добро.

## 4.2 Финансиски извештаи

**Биланс на успех**

4.2.1 Во деловните книги и во Билансот на приходи и расходи за 2010 година не е книжена камата за месец 12/2010 година во вкупен износ од 576 илјади денари, добиена на сметката до 31 јануари 2011 година, со што не е постапено согласно член 18 од Правилникот и член 13 од Законот за сметководството на непрофитните организации, односно не се применува модифицираното сметководствено начело според кое во приходи влегуваат сите наплатени (остварени) приходи до 31 јануари наредната година, а се однесуваат на пресметковниот период односно за 2010 година.

Ваквиот начин на работење има за резултат помалку искажан приход во деловните книги и Финансиските извештаи за 2010 година.

**Препорака**

Одговорните лица во Секторот за економско - финансиски работи да ја почитуваат прифатената сметководствена политика за признавање на приходите согласно законските прописи.

4.2.2 Ревизијата не доби компетентни и релевантни докази за да ја потврди реалноста и објективноста на искажаните расходи во вкупен износ од 976 илјади денари, по основ на:

- Потрошено гориво за користење на службени возила во износ од 433 илјади денари поради неприменување на одредбите во Правилникот за условите и начинот на користење на службените моторни возила на СРД, од јули 2007 година, односно: не се изготвуваат налози за користење на службено моторно возило, раководителот на Стручната служба не изготвува месечни извештаи за користење на возилата кој треба содржи број на поминати километри во месецот, потрошено гориво, потрошено масло, трошоци за поправка, сервисирање и др., не се донесени одлуки (решенија) за лицата кои ги користат возилата, двете возила набавени во 2010 година ги користат главно Претседателот и Заменикот на претседател на Советот, без налози за користење на возилата а сметките од набавено гориво не секогаш имаат регистарски број на возилото.

- Поправки и сервисирање на софтвер и возила во износ од 270 илјади денари поради некомплетна документација (не се приложени работни налози, или нецелосно се пополнети налози – нема потпис за потврда на извршената работа).
- Дневници за службени патувања во земјата и странство во износ од 273 илјади денари, поради: некомплетно пополнети патни налози, неповрзаност на дел од сметките за патарини со патни налози, неприложени авионски карти со што би се утврдил часот на поаѓање и враќање, заради правилно и точно пресметување на дневница за службен пат, исплатени се поголем број дневници за службен пат во странство од пропишаните во Уредбата за службени патувања во странство.

Необезбедувањето на уредна и веродостојна документација не е во согласност со член 13 и 15 од Правилникот за сметководството на непрофитните организации, член 13 и 14 од Уредбата за издатоци за службени патувања и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци и член 10 од Законот за сметководството на непрофитните организации.

Резултатот од ваквото работење е постоење на ризик од исплата на средства за неизвршена или ненавремено и неквалитетно извршена услуга, исплата на дневници за кои нема основ, а кај користењето на возилата неможност да се утврди дали возилото се користи за службени потреби или за лични цели.

**Препораки:**

Одговорните лица во СРД да обезбедат:

- Целосно применување на одредбите во Правилникот за условите и начинот на користење на службените моторни возила на СРД.
- Исплатите за поправки и сервисирање на опрема и возила да се вршат врз основа на фактури со прилог на пополнети работни налози.
- Исплатите кои се однесуваат на службени патувања во земјата и странство да се вршат на уредно пополнети налози за службени патувања со целосно почитување на одредбите од Уредбата.

4.2.3 Во 2010 година исплатени се средства на надворешни соработници за вршење на услуга – преглед и оценка на технички квалитет на проекти од јавен интерес, во вкупен износ од 266 илјади денари, за кои ревизијата не доби релевантни докази за потврда на извршените услуги, поради следното:

- Не се води посебна евиденција на прегледани проекти (со назив на трговските радиодифузни друштва и дата) во месеците кога е извршена

исплата и за часовите поминати во нивно прегледување и оценување што е спротивно на член 6 од договорот.

- Не се води посебна евиденција за присуството на надворешниот соработник (доаѓање и заминување) во деновите во кои се врши преглед на проектите во деловните простории на Советот за да може да се потврдат часовите и деновите на вршењето на работата.
- Не се изготвува мислење туку картони за одделни проекти кои не секогаш се потпишани и дел од нив немаат датум што е спротивно на член 3 од договорот.

Согласно наведеното ревизијата констатира дека не се следи реализацијата на начин пропишан во склучениот договор со кој ќе се потврди извршувањето на оценката од технички аспект на проектите од јавен интерес поради што постои неувереност во висината на трошоците за ваквите услуги што може да има за ефект исплата на средства за неизвршена работа.

Ваквиот начин на работење упатува на отсуство на контролни активности, како и необезбедување на веродостојни сметководствени документи што не е во согласност со член 13 и 15 од Правилникот и член 10 од Законот за сметководството на непрофитните организации и има влијание на објективноста и реалноста на искажаните трошоци во деловните книги и финансиските извештаи.

**Препорака**

Одговорните лица во СРД да воспостават процедура со што ќе се обезбеди целосно спроведување на контролата на трошоците за преглед и оценка на техничкиот квалитет на проектите од јавен интерес, согласно склучениот договор.

4.2.4 Во периодот од 1999 до денес, преку сметката на СРД, се врши финансирање на проекти од јавен интерес, од средствата прибрани од наплата на радиодифузната дејност согласно член 77 став 1 алинеја 4 и 5 од стариот ЗРДД, („Службен весник на РМ„ бр. 20/97 и 70/03). Распоредот на средствата по ТРД и по проекти се врши на начин што согласно член 78 од истиот Закон, на предлог на Советот, Владата на РМ донесува Одлука, по претходно објавен конкурс. Во 2010 година, иако со донесувањето на новиот ЗРДД, на крајот на 2005 година престанува ваквиот начин на финансирање на проекти од јавен интерес, исплатени се средства на ТРД во вкупен износ од 3.380 илјади денари, по проекти одобрени со Одлуки од Владата на РМ, за распоредување на средства, на 2.06.2005 и на 11.05.2006 година, а во врска со оглас број 6 и 7.

Со ревизијата на евиденциите и документацијата во Секторот за економско-финансиски работи и кај лицата задолжени за работите во врска со распоредувањето и користењето на средства од радиодифузната дејност, наменети за финансирање на проектите од јавен интерес, се констатира следното:

- Вкупниот износ на одобрени и распоредени средства по трговските радиодифузните друштва и независни продуценти за ТВ и радио програми, по поединечни проекти, според донесените Одлуки на Владата, по огласи од број 1 до 7, изнесуваат 726.474 илјади денари, а вкупно исплатени средства по проекти според сметководствените картици за искажан трошок од 1999 до 31.12.2010 година изнесуваат 667.340 илјади денари. Според овие податоци остануваат неискористени средства во износ од 59.134 илјади денари, кој што податок неможе со сигирност да се потврди.
- СРД не води целосна и точна евиденција за добиените средства на сметка на СРД согласно член 77 од стариот ЗРДД, одобрените средства по одлуки од Владата и исплатените средства (целосно и делумно) по склучените договори со ТРД од причина што во деловните книги не е воспоставена сметководствена (синтетичка и аналитичка) евиденција и не се спроведени соодветни книжења (воопшто не се евидентираат обврските по Одлуките односно договорите према ТРД и независните продуценти, нема аналитичка евиденција по комитенти – корисници на средства, не се евидентирани авансните плаќања), односно се книжат само исплатите од сметка преку искажување на трошок.
- Во единицата за проекти од јавен интерес постоела помошна евиденција (софтвер) по корисници и проекти, со податоци за склучен договор, исплати на рати со дата, износ, и остаток по договорот, меѓутоа истата од 2007 или 2008 година не се води односно не се внесуваат податоци, иако `сеуште се вршат исплати. Лицето кое е задолжено, по укинувањето на единицата, води помошна евиденција во ексел табела, која не ги содржи сите податоци потребни за следење на обврските по Одлуките и договорите.
- Не се врши усогласување на податоците во помошната евиденција со податоците во сметководствената евиденција, а главна причина е несоодветното и нецелосно водење на двете евиденции.
- СРД нема утврдено постапка и процедура за исплата на средствата по одобрените средства по проекти во однос на содржината на договорите, начинот на исплата (исплата на аванси и број на рати), не е предвидено обезбедувањето на исплатите со гаранција (банкарска или рачен залог) во сите договори, не е формирана комисија која ќе врши проверка и оценка на проектите од технички и програмски аспект, не е утврден крајниот рок за завршување на проектот односно до кога мора

да се одобри и прифати проектот од Советот, поради што во различни периоди од 1999 до денес различно се постапува.

- Со донесувањето на ЗРДД, кој влегува во сила на 29.11.2005 година, со кој престанува финансирањето на проекти од јавен интерес, донесен е и заклучок на Владата на РМ, на седница одржана на 11.05.2006 година, со кој утврден е краен рок, 10.06.2006 година, за доискористување на средствата по огласите од 1 до 5. По истекот на крајниот рок, по овој заклучок, доставена е Информација за неискористените средства по огласите од 1 до 5, како резултат на несклучени договори или делумно исплатени средства по нереализирани програми од јавен интерес, кои што според податоците во информацијата изнесуваат 33.445 илјади денари. Овие средства се останати на сметка на СРД.
- Во овој момент СРД требало да преземе постапки за задолжување на корисниците за враќање на делумно исплатените средства до 10.06.2006 година со камата, за оние проекти кои не се реализирани до овој рок односно не се одобрени и прифатени од страна на Советот. После утврдениот рок Советот не смее да склучува договори со трговските радиодифузни друштва по првите пет огласи и одлуки, ниту пак да се исплатуваат средства по претходно склучените договори односно несмее да се врши доисплата на ратите.
- Меѓутоа, од страна на СРД не е извршено задолжување на корисниците за враќање на средствата кои се делумно исплатени, а кои според помошната евиденција изнесуваат 5.414 илјади денари, износ кој неможе со сигурност да се потврди поради немање на точни податоци.
- Пред донесувањето на новиот закон со важност од 29.11.2005 година, со кој се укинува обврската за финансирање на проектите од јавен интерес, објавен е оглас и донесена е одлука бр 6, а на 11.05.2006 година на истата седница на Владата на РМ и одобрена е Одлуката по оглас број 7, за кои проекти Советот бил должен да го утврди крајниот рок до кој може да се искористат одобрените средства по овие одлуки за склучување на договор и за завршување на проектот односно краен рок за одобрување и прифаќање на проектот од страна на Советот.

Претходно наведеното не е направено од Советот, не е даден предлог за роковите во Одлуките број 6 и 7, ниту пак се утврдени крајни рокови за реализација на договорите со изготвен финален и одобрен проект.

Ваквиот начин на работење придонел на сметката на Советот да останат вишок на парични средства кои претставуваат строго наменски средства прибрани по член 77 став 1 алинеја 4 и 5 од Законот, кои не се распоредени за проекти од јавен интерес. Овие средства биле орочувани на 3 и 6 месеци во текот на изминатите години за кои се добивала камата на сметка на Советот наместо истите да се вратат во Буџетот на РМ или да се распоредат

на корисниците на радиодифузна такса по проценти согласно член 149 од Законот.

Неутврдениот рок за искористување на одобрените средства по Одлуките број 6 и 7 во јуни 2005 односно мај 2006 година, придонело во текот на 2007, 2008, 2009, 2010 и 2011 година до денес `сеуште да се склучуваат договори со трговските радиодифузните друштва (и после 5 години по поднесената пријава со документација и одобрените средства по проекти по Одлуките) од средствата наплатени од радиодифузната такса. Исплатата на првата рата – 50% од вредноста на договорите (авансни плаќања) по дел од склучените договори во 2006, 2007 година и нивното правдање во 2010, 2011 година овозможува безкаматно финансирање на трговските радиодифузни друштва и остварување на противправна имотна корист.

**Препораки:**

- СРД да воспостави целосна евиденција (софтвер) по корисници и проекти, одобрени и исплатени средства по склучени договори за финансирање на проекти од јавен интерес.
- По воспоставената евиденција да се преземат активности за задолжување на корисниците за враќање на делумно исплатените средства со камата, по огласите од 1 до 5.
- За проектите по огласите 6 и 7 да се утврди краен рок за склучување на договор и за завршување на проектот.
- За делумно исплатените средства по договорите по огласите 6 и 7, доколку не се одобри и прифати проектот од Советот до крајниот рок за завршување на истиот, да се превземат активности за задолжување на корисниците за враќање на средствата со камата.

**Биланс на состојба**

4.2.5 Ревизијата констатира неусогласеност на одделни позиции во активата и пасивата во Билансот на состојба за 2010 година, и тоа:

- Состојбата на парични средства на сметката и во благајна во износ од 16.003 илјади денари не соодветствува со состојбата на делот од вишокот на приходи за пренос во наредната година во износ од 143.101 илјади денари, за износ од 127.098 илјади денари.
- Состојбата на вкупните побарувања во износ од 164.769 илјади денари не се слага со состојбата на однапред пресметани приходи во износ од 37.579 илјади денари, за износ од 127.190 илјади денари.
- Состојбата на активни временски разграничувања во износ од 589 илјади денари не се слага со состојбата на вкупните обврски во износ од 681 илјади денари, за износ од 92 илјади денари.

Причината за ваквите состојби е несоодветното применување на сметководственото начело на парично искажување кое што СРД во пракса го применува, при што не се спроведени соодветни книжења во деловните книги во изминатиот период и во 2010 година. Овој начин на примена на паричното начело не е во согласност со член 18 и 19 од Правилникот и член 12 и 14 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за резултат необјективно и нереално прикажување на билансните позиции.

**Препорака**

Одговорните лица во Секторот за економско - финансиски работи да извршат корекција на билансните позиции врз основа на спроведени книжења во деловните книги согласно сметководственото начело на парично искажување, а потоа во наредниот период да започне да го спроведува модифицираното сметководствено начело на настанување на деловните промени односно трансакции.

4.2.6 Со ревизијата утврдена е неусогласеност во искажаните податоци за вредноста на нематеријалните и материјалните средства во деловните книги во однос на книгата на капитален имот со состојба на 31.12.2010 година односно утврдени се разлики во набавната вредност, исправката на вредност и сегашната вредност на средствата, поради погрешно спроведени книжења во главната книга во 2010 година и во претходните години, и тоа:

- Вкупната пресметана амортизација на средствата во износ од 3.945 илјади денари, е евидентирана на исправката на вредност на материјалните средства, наместо да се распредели и книжи на соодветните конта согласно сметковниот план за исправка на вредноста на материјалните средства во износ од 3.529 илјади денари и на нематеријалните средства во износ од 416 илјади денари.
- Пресметаната ревалоризација на нематеријалните и материјалните средства е евидентирана во деловните книги со зголемување на набавната вредност на средствата и деловниот фонд само за ефектот од ревалоризацијата, наместо истата да се книжи преку соодветно зголемување на набавната вредност, исправката на вредноста и деловниот фонд за соодветниот износ на пресметана ревалоризација. Поради ова не е зголемена набавната вредност за износ од 1.918 илјади денари, исправката на вредност за 752 илјади денари и деловниот фонд за 1.166 илјади денари.

Со ваквиот начин на работење не е постапено во согласност со одредбите од член 12 став 4 од Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации, член 27 и 29 од Правилникот за сметководството на непрофитните организации и член 12, 14 и 15 од Законот за сметководството на непрофитните организации што има за резултат

необјективно и нереално искажување на нематеријалните и материјалните средства во деловните книги и финансиските извештаи.

**Препорака**

Одговорните лица во Секторот за економско – финансиски работи да извршат усогласување на податоците за вредноста на нематеријалните и материјалните средства во деловните книги и финансиските извештаи врз основа на податоците во книгата на капитален имот, а книжењата за пресметаната амортизација и ревалоризација на средствата во сметководствената евиденција во наредниот период да се врши согласно законските прописи.

4.2.7 На 31.12.2009 година искажано е салдо на ненаплатени побарувања од трговските радиодифузни друштва во износ од 25.340 илјади денари, а на 31.12.2010 искажано е салдо во износ од 45.362 илјади денари. Во периодот од 2008 до 2010 година, од страна на СРД, на одреден временски период, испраќани се укажувања и опомени до радиодифузерите за сите доспеани, а неплатени обврски по годишниот надоместок за дозвола за вршење на радиодифузна дејност, врз основа на податоците во сметководствената евиденција. Во опомените и укажувањата нагласено е дека доколку не се платат обврските Советот, согласно член 63 став 1 алинеја 4 од ЗРДД, ќе ја одземе дозволата за вршење на радиодифузна дејност, а побарувањата ќе ги наплати по судски пат.

Со извршената анализа на ненаплатените побарувања со 31.12.2010 година се констатира дека поголем дел од нив се однесуваат на ненаплатени фактури за 2010 година во вкупен износ од 20.439 илјади денари, дел се однесуваат за неплатени фактури од 2009 и 2010 од 4 радиодифузери, во вкупен износ од 13.231 илјади денари, и за дел од овие побарувања се поднесени тужби и поведена е постапка за одземање на дозволата во износ од 11.692 илјади денари.

За побарувањата од радиодифузерите кои должат по фактури од 2009 и 2010 година во износ од 13.231 илјади денари не се преземени мерки и активности за донесување на одлука за одземање на дозволата за вршење на радиодифузна дејност и не се поведени постапки за понесување на тужби.

Во СРД не постои постапка и процедура за следење на обврската на радиодифузерите за плаќање на надоместокот за дозвола поради што при преземањето на мерките за одземање на дозволата, во случај на исполнување на условот во член 63 став 1 алинеја 4 од законот, селективно и на различен начин се постапува. Од причина што не е утврден колкав временски период ќе се толерира одделно трговско радиодифузно друштво пред да се преземе мерката за одземање на дозволата и не е утврдено колку укажувања и опомени ќе се испратат, пред да се покрене иницијатива за

донесување одлука за одземање, постои ризик од субјективно одлучување од страна на членовите и претседателот на Советот.

**Препорака**

Одговорните лица во СРД да воведат постапка и процедура за следење и наплата на побарувањата од радиодифузерите.

4.2.8 Со ревизијата на евидентираните побарувања по основ на пресметан годишен надоместок за дозвола за вршење на радиодифузна дејност ги истакнуваме следните неправилности:

- За радиодифузерите за кои се поднесени тужби до надлежен суд до 31.12.2010 година, за неплатен долг, не се спроведени соодветни книжења во сметководствената евиденција за пренос од редовни на сомнителни и спорни побарувања, во вкупен износ од 11.692 илјади денари, поради што истите `сеуште се искажани како редовни побарувања.
- Не е извршен отпис на побарување од радиодифузер во износ од 316 илјади денари, по донесен заклучок за запирање на постапката од извршување на ден 30.12.2010 година, поради отварање на стечајна постапка над радиодифузерот и неможност од наплата на долгот, за што претходно СРД има поднесена тужба со добиено правосилно решение од судот во 2008 година.
- Не е спроведено книжење по записник за судско порамнување од 25.02.2010 година, со кој се намалува побарувањето од радиодифузер за износ од 2.073 илјади денари, поради што нереално е искажан поголем износ на побарувањето со 31.12.2010 година.
- Не е спроведено книжење за намалување на побарување од радиодифузер, по донесено решение за престанок на важноста на дозволата од 20 декември 2010 година, со кое СРД го задолжил ТРД да плати долг во износ од 1.902 илјади денари во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, по претходно намалување на првичниот долг од 3.224 илјади денари. ТРД не го платил долгот во 2011 година поради што поднесена е тужба до надлежен суд на 18.03.2011 година.
- Не е поведена постапка за повторно – конечно одземање на дозволата на еден радиодифузер, поради неисполнување на обврските во дадениот рок, согласно Одлуката од 16 ноември 2010 година, со која се поништува одлуката за одземање на дозволата во август 2010, со задолжување на ТРД да го плати надоместокот по новата фактура од 16.11.2010 година во износ од 3.632 илјади денари (59.000 еур) во рок од 15 дена. До денот на ревизија ТРД не го платил долгот во определениот рок, ниту пак ја платил фактурата од 2011 година на износ од 3.596 илјади денари, а не е поведена постапка за конечно одземање на дозволата. Согласно Одлуката, доколку радиодифузерот не ги исполни обврските во наведениот рок, останува во

сила одлуката на Советот од 19.08.2010, за одземање на дозволата за вршење на радиодифузна дејност од 26.11.2008 година.

Ваквиот начин на работење не е во согласност со одредбите од Правилникот за сметководството на непрофитните организации, Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации и член 12 и 14 од Законот за сметководството на непрофитните организации и има за резултат необјективно и нереално прикажување на состојбата на побарувањата и временските разграничувања во деловните книги и финансиски извештаи за 2010 година.

**Препорака**

Секторот за економско – финансиски работи редовно и навремено да спроведува книжења во деловните книги за сите настанати деловни промени кои се однесуваат на побарувањата согласно сметковниот план за непрофитните организации (за пренос од редовни на сомнителни и спорни побарувања во случај на поднесување на тужби, за намалување на вредноста на побарувањето или извршен отпис по различни основи).

4.2.9 Ревизијата констатира дека кај поголем дел од ТРД плаќањата се ненавремено извршени, со закаснување, и на повеќе рати, наместо во рок од 15 дена од датумот на приемот на фактурата, како што е предвидено во Анекс Б, кој е составен дел на дозволата, а кај дел од ТРД остануваат ненаплатени побарувања и со 31.12.2010 година. Во ЗРДД не е предвидено пресметување на камата, ниту пак е предвидено во фактурата, иако е назначен рок (валута) за плаќање на обврската, освен што постои одредба за одземање на дозволата во член 63 став 1 алинеја 4 од ЗРДД.

СРД не пресметува камата за задоцнето плаќање на обврските од страна на радиодифузерите во текот на годината, освен во случај на поднесена тужба и евентуално плаќање на главен долг во текот на постапката што не е во согласност со член 266, 266-а, 266-б, 266-в и 267 од Законот за облигационите односи. Ваквиот начин на работење влијае на неостварување на приход од камата и овозможува стекнување на противправна имотна корист на радиодифузерите на терет на СРД.

**Препораки**

- Одговорните лица во СРД да предвидат клаузула со обврска за плаќање на казнена камата во Анекс Б од дозволата и во фактурата, во случај на доцнење на плаќањето на годишниот надоместок за дозвола, согласно членот 266 и 267 од Законот за облигационите односи.
- Одговорните лица во СРД да воведат програм/софтвер за пресметка на камата и задолжување на радиодифузерот во текот на годината при ненавремено плаќање на обврските према СРД.

## 4.3 Користење на средства согласно законските прописи

4.3.1 Од извршениот избор на досиејата за проектите од јавен интерес, кај исплатата на средства, ревизијата го констатира следното:

- Кај пет ТРД исплатени се средства за одобрени проекти од јавен интерес по огласите од 1 до 5, во вкупен износ од 877 илјади денари за кои не се завршени проектите, односно средствата се делумно исплатени во текот на 2001, 2002, 2003 и 2004 година, (краен рок за искористување на средствата бил до 10.06.2006 година), а СРД не извршило задолжување за враќање на средствата со камата.
- Извршени се исплати за проекти одобрени по огласите 4 и 5, после крајниот рок утврден со Заклучокот од страна на Владата на РМ, 10.06.2006 година, (во текот на 2007, 2008 и 2011 година), на 3 ТРД во вкупен износ од 2.743 илјади денари, кои претставуваат незаконски и ненаменски исплати на средства.
- Од извршениот избор на досиеја со делумно исплатени средства по оглас број 6 и 7, кои што според помошната евиденција изнесуваат 5.269 илјади денари (остаток за доисплата изнесува 3.430 илјади денари), се констатира дека за поголем дел од проектите се исплатени рати во текот на 2006, 2007 и 2009 кои `сеуште не се завршени и за кои не се обезбедени гаранции, во договорите не е утврден краен рок за завршување на проектот поради што поминува подолг период од датумот на склучување на договорот до конечна реализација на истиот, со што се овозможува безкаматно користење на средства и склучувани се договори и се вршат исплати и во текот на 2010 и 2011 година, по истекот на 5 до 6 години од Одлуките за распоред на средствата, донесени во 2005 и 2006 година.

  Во врска со претходните констатации дадени се препораки кон наодот во т. 4.2.4. од овој извештај.

4.3.2 Во 2010 година одобрени се средства по Одлука на Советот број 02-1996/1 од 1.07.2010 година) на вработен во Стручната служба, за запишување на 3 студиски години на факултет, во вкупен износ од 1.200 еур, по доставена молба од лицето за финансиска помош со намена за дошколување – завршување на факултет односно за додипломски студии. Вкупно исплатени средства во 2010 односно до 31.12.2011 година изнесуваат 37 илјади денари. При одлучувањето по молбата Советот го донел заклучокот и одлуката, врз основа на член 154 од Законот за работните односи и членови од Деловникот, кои се однесуваат само за правото на одлучување по прашања од работен однос за вработените. При тоа не се повикува на Правилникот за доусовршување и дообразување, иако истиот е донесен, односно лицето не го исполнува основниот услов во Правилникот - средствата се за додипломски студии кои не се предвидени во истиот.

Ревизијата смета дека донесувањето на одлука за доделување на финансиска помош со намена за дообразување (факултетско образование) кој е повисок степен на образование и не е задолжителен, не е во согласност со донесениот правилник од причина што лицето не ги исполнува условите и не се применува во овој случај.

Ревизијата не дава препорака поради тоа што на крајот на 2011 година од страна на Советот, донесена е Одлука за поништување на претходно донесената Одлука, со обврска за задолжување на лицето за исплатените средства. На Одлуката од страна на лицето има доставено приговор на 5.01.2012 година, кој понатаму ќе се разгледува од страна на Советот.

4.3.3 Во 2009 и 2010 година извршен е отпис на две службени моторни возила, по донесени одлуки за отпис, врз основа на извештаи потпишани од раководител на Секретаријатот и возачите во СРД. Во извештаите е наведен истиот дефект кај двете возила односно дека возилото се наоѓа во неисправна состојба поради тоа што моторот е зарибан. Во моментот кога е настаната материјалната штета на службените возила, не е составен записник на лице место од стручни лица за да се утврди причината поради која е настаната, како и не е утврдено кое лице управувало со возилото, што не е во согласност со член 9 од Правилникот за условите и начинот на користење на службените моторни возила на СРД, донесен во 2007 година. Поради наведеното неможе да се утврди дали штетата е предизвикана по вина на корисникот на службено моторно возило кое управувало со возилото или пак е поради несоодветно сервисирање на истото од страна на фирмата која го сервисирала возилото. И во едниот, и во другиот случај резултатот од ваквото несоодветно однесување од страна на одговорните лица во СРД придонело да не се надомести штетата која настанала на службени возила кои се во сопственост на државата.

**Препорака**

Одговорните лица во СРД да преземат активности за утврдување на фактичката состојба со дополнителна проверка на документацијата и евентуална одговорност од одговорните лица.

**Јавни набавки**

4.3.4 Во текот на 2010 година исплатени се средства за набавка на гориво за потребите на службените возила во износ од 433 илјади денари и за користење на услуги за фиксна и мобилна телефонија во износ од 1.525 илјади денари, за кои не се спроведени постапки за јавни набавки што не е во согласност со член 2 и 16 од ЗЈН.

Неспроведувањето на постапки за јавни набавки влијае на необезбедување на конкуренција, еднаков третман на економските оператори, транспарентност и

интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки што води кон ризик од нерационално и неефикасно трошење на средствата на СРД.

**Препорака**

СРД да врши набавки на стоки, услуги и работи по претходно спроведени постапки согласно ЗЈН.

4.3.5 Согласно член 24 став 1 ал 2 од измените на ЗЈН, од 1.01.2010 година СРД како договорен орган е должен да користи електронска аукција во најмалку 30% од проценетата вредност на планираните постапки за доделување на договори за јавни набавки, што во 2010 година не е применето од негова страна. Ваквиот начин на работење може да има влијание врз субјективното однесување на договорниот орган, а со тоа да ја намали конкуренцијата помеѓу економските оператори, како и да влијае на рационалното и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување на договори за јавна набавка.

Имајќи ги во предвид новите измени на ЗЈН, ревизијата не дава препорака бидејќи донесен е Заклучокот број 02-3693/35 од 27.10.2011 година од СРД согласно кој по донесувањето на Планот за јавни набавки за 2011 година се задолжува раководителот на Секторот за правни работи да ги организира и координира работите поврзани со спроведување на електронски аукции.

4.3.6 Во текот на 2010 година, СРД има спроведено две отворени постапки за набавка на две патнички моторни возила, при што склучени се договори за јавна набавка со двајца избрани понудувачи во вкупен износ од 2.177 илјади денари, со вклучен ДДВ.

Со извршениот увид во начинот на спроведување на постапка број 01/2010 година за набавка на две моторни возила, по Одлука за јавна набавка од јануари 2010 година, ревизијата го констатира следното:

- Како критериум за доделување на договор за јавни набавки наведени во тендерската документација и огласот за доделување на договор за јавна набавка се економски најповолна понуда (цена 30 бода, рок на испорака 30 бода, дополнителна опрема 20 бода и попусти 20 бода СРД не навел детална и целосна информација за тоа, што треба да поседуваат патничките моторни возила, од дополнителна опрема,така што, при вршењето на евалуацијата на понудите за тој критериум, КЈН различно ги бодувала понудите, без посебно објаснување за тоа.
- Извештајот од спроведената постапка не го содржи делот прилог А кој се однесува на проверка на комплетноста и валидноста на документација заради утврдување на способноста на понудувачите.
- Во техничките спецификации на понудата на патничкото моторно возило избрано во оваа постапка, како и кај други 3 понуди од вкупно 5, не се дадени понуди за сите ставки од техничката спецификација; и

- Во Извештајот од спроведената постапка, КЈН нема доставено предлог до одговорното лице за поништување на дел (за возило број 2) од постапката.

Со извршениот увид во начинот на спроведување на постапка број 02/2010 година за набавка на едно моторно возило, по Одлука за јавна набавка од април 2010 година, а во врска со поништувањето на делот што се однесува на постапката за јавна набавка за возило 2, ревизијата констатира дека причините кои се наведени како основ за поништување, не се исполнети поради следното:

- Објавен е оглас на 16.02.2010 година, со исправка на истиот на 4.03.2010 година, по кој доставени се 3 понуди (за возило 2) од економските оператори врз основа на кои можело да се спроведе евалуација и избор (постои изготвен записник од отварање на понудите).
- Во периодот од објавата на огласот 01/2010 со исправката на 4.03.2010, до донесувањето на Одлуката за поништување од 1.04.2010 година, не се настанати непредвидени и објективни околности во законската регулатива односно нема промена во обврските кои треба да ги извршува Советот.
- Со споредба на техничките спецификации наведени за возило 2, во огласот 1 со исправката, и техничките спецификации во оглас 2 од 26.04.2010 година, не се констатирани значителни разлики во дефинираните карактеристики (технички карактеристики, перформанси и можности, и дополнителна опременост).
- Како дополнителен доказ кон наведеното е тоа што истиот добавувач, кој што е избран во втората постапка, се јавил и на првиот и на вториот оглас, со истиот тип и вид на возило и со иста цена.

Со ваквиот начин на спроведување на постапките за јавна набавки не се обезбедува конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори и транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки, како и на рационалното и ефикасно искористување на средствата во постапките за јавни набавки.

**Препорака**

При изработка на тендерска документација заедно со техничка спецификација и при вршењето евалуација на понудите и пополнување на извештај од спроведената постапка, СРД да ги користи обрасците, согласно Методологијата за изразување на критериумите за доделување на договорот за јавна набавка во бодови, Правилникот за содржината на тендерската документација и Правилникот за формата и содржината на образецот на извештајот од спроведената постапка.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесените наоди во точка 4.2. кои се однесуваат на утврдени состојби за нецелосно спроведен попис на средствата со кои располага СРД, не се применува сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени и трансакции во деловните книги, за проектите од јавен интерес финансирани од средствата наплатени од радиодифузна такса не води целосна и точна евиденција, постои неусогласеност на одделни позиции во активата и пасивата на билансот на состојба, не постои постапка и процедура за следење на обврската на радиодифузерите за плаќање на надоместокот за дозвола за вршење на радиодифузна дејност при што и не се пресметува камата во случај на ненавремено плаќање на обврските и извршени се исплати на база на некомплетна и неверодостојна документација ревизијата не изразува мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2010 година.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2. од овој извештај, ние не бевме во можност да добиеме соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Советот за радиодифузија на ден 31 декември 2010 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.1, 4.2. и 4.3 од овој извештај, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Советот за радиодифузија, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

## 6. Системска слабост

6.1. СРД е регистриран даночен обврзник со решение од Министерство за финансии – Управа за јавни приходи донесено во 2007 година и плаќа ДДВ на остварениот приход од пресметаниот годишен надоместок од издавање на дозволи за вршење на радиодифузна дејност, што не е предмет на оданочување согласно член 10 став 1 и 2 од Законот за додадена вредност (ЗДДВ), односно не е остварен приход од промет во

одредена стопанска дејност што ја обавуваат другите даночни обврзници. Пред донесувањето на решението, во месец јули 2007 година, СРД се обратило во два наврата со писмо до МФ – Сектор за даночна политика и администрација, со барање за мислење дали на утврдениот надоместок за дозвола за вршење радиодифузна дејност се пресметува ДДВ, на кое што од страна на институцијата е одговорено со потврден одговор.

Ревизијата е на мислење дека оданочувањето на овој надоместок не е во согласност со член 2 од ЗДДВ поради тоа што истиот не претставува промет на добра и услуги кој се врши со надоместок во земјата во рамките на извршување на стопанска дејност. Исто така, резултатот од неправилното регистрирање на СРД за даночен обврзник предизвикува додатно оптеретување на радиодифузерите, при што во случаи на нивно неплаќање на обврската за надоместок за дозволата, ДДВ-то пресметан во фактурата, го користат за намалување на нивната даночна обврска према државата, а доколку воопшто не се плати, данокот на додадена вредност паѓа на терет на СРД.

Ревизијата смета дека Министерството за финансии - Управа за јавни приходи треба да го преиспита регистрирањето на СРД како даночен обврзник согласно ЗДДВ земајќи го во предвид член 21 од Законот за радиодифузна дејност според кој СРД е независно регулаторно непрофитно тело со јавни овластувања во радиодифузната дејност.

## 7. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

7.1. Во 2010 година СРД има искажано приход од радиодифузна такса во износ од 8.379 илјади денари, врз основа на наплатена реализација како резултат на добиените средства на сметката по распоредот на наплатената радиодифузна такса по корисници од собирната сметка отворена за оваа намена во Комерцијална банка, што изнесува 4% од вкупно наплатените средства за СРД, согласно член 149 од ЗРДД, со намена за регулирање и развој на радиодифузната дејност во РМ. Согласно ЗРДД, работите во врска со водењето на регистарот на обврзници за плаќање на радиодифузната такса го врши МРТ, а почнувајќи од 01.01.2011 година наплатата на средствата го врши Управата за јавни приходи, поради што СРД не располага со податоци за обврзниците на радиодифузна такса за 2010 година и нема увид во наплатата на истата.

Овој начин на прибирање и евидентирање на средствата од радиодифузната такса оневозможува СРД да има активен однос кон превземање на директни активности и политики за подобрување на наплатата која е основ за реализација на приходот, односно да не

располага со точни податоци за очекувани приливи по овој основ и искажување на побарувањата од радиодифузна такса. Ревизијата препорачува одговорните лица во СРД да воспостават соработка со Управата за јавни приходи и ЈП Македонска радио телевизија во насока на обезбедување на податоци за искажување на приходот и побарувањата од радиодифузна такса согласно прифатената сметководствена политика со цел реално планирање на приходите наменети за регулирање и развој на радиодифузната дејност во РМ.

7.2. Ревизијата смета за значајно да истакне дека СРД располага со слободни парични средства кои ги орочува во деловните банки. Износот на средства кои се вложени во деловните банки на почетокот на годината изнесува 130.000 илјади денари, за што се склучени договори за орочени депозити во текот на 2009, кои продолжуваат и се обновуваат во 2010 година. Со извршената анализа на законските прописи и финансиските средства со кои Советот располагал во периодот од основањето во 1997 до денес, а заради утврдувањето на изворот на слободните парични средства, се констатира следното:

- До крајот на 2005 година на сметката на СРД биле уплатувани средства по член 77 став 1 алинеја 4 и 5 од ЗРДД („Службен весник на РМ „, бр. 20/1997 и 70/2003), односно 5% и 10% од вкупно прибраните средства наплатени од радиодифузната такса, со намена за финансирање на проектите од јавен интерес, согласно член 78 став 1 и 2, за што носени се одлуки на Владата на РМ за распоредување на истите на ТРД по претходно објавен оглас – конкурс. Додека пак, за покривање на трошоците на работење, на СРД му се одобрувале средства на неговата сметка, од средствата прибрани од радиодифузна такса, пред да се распоредат по критериумите од член 77 од ЗРДД, преку уплата на 1/12 секој месец, врз основа на Одлуката на Владата на РМ, бр. 23-3118/1 од 18 јули 2000 година, согласно член 28 став 3 од ЗРДД.
- Со донесувањето на новиот закон, од 29.11.2005 година, престанува финансирањето на проектите од јавен интерес преку сметката на СРД, односно престанува да важат одредбите од член 77 став 1 алинеја 4 и 5 и член 78 од овој закон.
- Дел од средствата наплатени од радиодифузната такса, а наменети за финансирање на проекти од јавен интерес, кои останале на сметка на СРД како неискористени средства, и истите не биле целосно распоредени на сметките на корисниците на радиодифузната такса, во сооднос утврден со член 149, до влегувањето во сила на новиот Закон, согласно член 177 од ЗРДД, донесен во 2005 година, биле орочувани во деловни банки, за што остваруван е приход од камати.

- Од 29 мај 2007 година, со донесувањето на новиот Закон за радиодифузна дејност, СРД остварува приход од добиените средства на сметка од наплатата на радиодифузна такса (4% од вкупно прибраните средства на радиодифузната такса), приход од наплата на надоместокот за издадени дозволи за радиодифузната такса и остварува приход од камата на орочените средства во деловните банки.

Од горенаведеното може да се констатира дека СРД располага со слободни парични средства кои што дел биле строго наменски средства за финансирање на проекти од јавен интерес и кои останале непотрошени, но и нераспоредени на сметките на корисниците на радиодифузната такса во соодност согласно член 149 од ЗРДД, односно невратени средства во Буџетот на РМ. Поради тоа приходот од камати претставува остварен приход од строго наменски средства кои `и припаѓаат на државата. Ревизијата препорачува одговорните лица во СРД да преземат активности за информирање на Собранието на РМ за начинот на враќање – распоредување на строго наменските средства останати на сметката на Советот, како и каматата остварена од нивното орочување во Буџетот на РМ.

7.3. На 13 – та седница одржана на 22.07.2011 година, Советот донел заклучок, за усвојување на полугодишната анализа за следењето на обврската на радиодифузерите за плаќање на надоместокот за дозвола, во која е наведено следното:
- Заклучно со 31 декември 2010 година во РМ има вкупно 156 ТРД кои се носители на дозволи за вршење на радиодифузна дејност (во овој број не се земени во предвид дозволите кои со Одлуки на Советот се одземени заклучно со 31.12.2010 година).
- За изминатиот период односно за минатата година `сеуште има 29 ТРД кои го немаат платено пресметаниот надоместок. До овие друштва во повеќе наврати се доставени писмени предупредувања дека се должни да го платат пресметаниот, а неплатен надоместок кое претставува една од основите за иницирање на постапка за одземање на дозволата.
- Заклучно со 16 јуни 2011 година доставени се 122 фактури за 2011 година, по кои процентот на наплата изнесува 36%, при што во целост го платиле 46 ТРД, додека пак 9 ТРД делумно го платиле надоместокот (остатокот од 67 ТРД не го платиле).
- Вкупниот износ на неплатен надоместок на 29 ТРД (по извршеното фактурирање во мај и јуни 2011) кои не го платиле или извршиле делумно плаќање изнесува 32.815 илјади денари (прилог број 2) од кој износ карактеристични се ненаплатени побарувања кои потекнуваат од 2009, 2010 и 2011 година, од 2 радиодифузери на

вкупен износ од 9.097 илјади денари, а како поголеми износи кои должат по фактури издадени во 2010 и 2011 година, се вкупно 8 радиодифузери на вкупен износ од 19.273 илјади денари.

- Останатите се на помали вкупни износи, меѓутоа, тоа е поради што висината на пресметан годишен надоместок е помала согласно дејноста што ја обавуваат, а произлегува како долг од 2010 и 2011 година.

Во анализата даден е заклучок во кој е наведено дека главни фактори кои влијаат на ненавремено подмирување на обврските на ТРД кон Советот, во однос на плаќањето на обврските (доцнењето односно нејзино плаќање по истекот на рокот) се: промена на БДП по жител пресметан од страна на ДЗС по нова методологија согласно законодавството на земјите членки на ЕУ и Светската економска криза која се чувствува и на домашниот пазар и која директно влијае на работата на радиодифузерите во намалувањето на приходите.

Исто така, дадени се препораки со цел да се зголеми уредноста при наплатата на надоместокот за дозвола, а притоа да не се применува веднаш мерката одземање на дозволата, со предлог за доставување на повторни укажувања до сите ТРД за навремено извршување на нивната обврска.

Ревизијата препорачува да се продолжат активностите согласно заклучоците и препораките во анализата, земајќи ги во предвид и дадените препораки по наодите во овој извештај.

7.4. СРД, заради вршење на надзор врз работата на радиодифузерите, дали истите ги почитуваат одредбите од ЗРДД односно поконкретно дали некои од радиодифузерите го имаат прекршено членот 11 од Законот, со кој се уредува дека политички партии, државни органи, органи на државната управа, јавни претпријатија, единици на локална самоуправа, носители на јавна функција и членови на нивните семејства не можат да вршат радиодифузна дејност, ниту да бидат основачи или соосновачи, или да стекнуваат учество во сопственоста на радиодифузерите, на крајот на 2010 година, Советот има донесено Заклучок со кој има превземено активност – подготовка на Информација за тоа кај кои радиодифузери постои индиција дека го прекршуваат тој член од законот.

До денот на завршување на теренскиот дел од ревизијата, изготвена е Информација, врз основа на претходно доставени барања/изјави до сите радиодифузери заради нивно изјаснување во однос на одредбата од Законот и доставените изјави, која `сеуште не е усвоена на седница на Советот.

Со Информацијата даден е Предлог Заклучок со кој им се укажува на радиодифузерите кај кои се утврдени отстапувања од член 11 од Законот, истите да ги отстранат. Доколку радиодифузерите во утврдениот рок не постапат по задолжувањето на СРД, ќе се покрене постапка за одземање на дозволата бидејќи непочитувањето на членот 11 од Законот, претставува законска пречка за вршење радиодифузна дејност.

Поради тоа што станува збор за активности што `се уште не се завршени и до денот на ревизијата конечниот исход од истите не е познат, постои неизвесност во идните постапувања на СРД кон радиодифузерите кај кои ќе се утврди ваква недоследност.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| **Опис** | **2010** | **2009** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 8,975 | 12,232 |
| Приходи од членарина, подароци, донации и приходи од други извори | 8,379 | 2,944 |
| Други приходи | 36,249 | 22,521 |
| Пренесен вишок на приходи од претходната година | 141,768 | 193,783 |
| Вонредни приходи | 23 | 4 |
| **Вкупно приходи** | **195,394** | **231,484** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надомести на плати | 31,546 | 28,508 |
| Материјални расходи, услуги и амортизација | 10,110 | 10,536 |
| Други расходи | 4,526 | 12,084 |
| Пренесени средства | 0 | 16,149 |
| Помошти, донации и други давачки | 3,380 | 7,487 |
| **Вкупно тековни расходи** | **49,562** | **74,764** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални и други средства | 2,632 | 14,913 |
| **Вкупно капитални расходи** | **2,632** | **14,913** |
| **Вкупно расходи** | **52,194** | **89,677** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **143,200** | **141,807** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | **99** | **40** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **143,101** | **141,767** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 16,003 | 7,313 |
| Побарувања | 45,362 | 25,340 |
| Краткорочни финансиски побарувања | 119,062 | 130,091 |
| Други краткорочни побарувања | 43 | 66 |
| Побарувања од државата и други институции | 302 | 1,126 |
| Активни временски разграничувања | 589 | 697 |
| **Вкупно тековни средства** | **181,361** | **164,633** |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 2,542 | 2,100 |
| Материјални средства | 14,820 | 15,319 |
| Материјални и нематеријални средства во подготовка | 1 | 1 |
| **Вкупно постојани средства** | **17,363** | **17,420** |
| **Вкупна актива** | **198,724** | **182,053** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 577 | 684 |
| Обврски спрема државата и други институции | 0 | 11 |
| Други краткорочни обврски | 104 | 127 |
| Пасивни временски разграничувања | 180,680 | 163,811 |
| **Вкупно тековни обврски** | **181,361** | **164,633** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на деловните средства | 17,363 | 17,420 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **17,363** | **17,420** |
| **Вкупна пасива** | **198,724** | **182,053** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА ЗА 2010 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2010 година** | **17,420** | | **17,420** |
| **Зголемување по основ на:** | **3,888** | | **3,888** |
| Набавки | | 2,632 | 2,632 |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | | - | - |
| Ревалоризација на капитални средства | | 1,256 | 1,256 |
| **Намалување по основ на:** | **3,945** | | **3,945** |
| Расходувана опрема | | - | - |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | - | - |
| Амортизација за тековна година | | 3,945 | 3,945 |
| **Состојба 31.12.2010 година** | **17,363** | | **17,363** |